Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 66, 15 септември 2011 година

септември 2011 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања на наставно-научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање доцент за наставно-научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за наставно - научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област комуникации и МАС-медиуми на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 18

**РЕФЕРАТ** за избор на соработници - помлади асистенти / асистенти за научното подрачје правни науки (еден соработник помлад асистент/асистент за научната област римско право и еден соработник помлад асистент/ асистент за научната област казнено право) на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 25

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање доцент во научната област социологија на политиката на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на еден доцент за наставно-научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 45

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистенти од областа транспортна механизација на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 50

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент за наставно-научната област македонистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 52

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Девизен систем и девизно работење“ (скрипта) од авторот доц. д-р Крсте Шајноски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 55

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Монетарна економија“ (скрипта) од авторот доц. д-р Крсте Шајноски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 61

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за е-скрипта „Анимација во туризмот” од д-р златко јаковлев, по предметот анимации во туризмот на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 66

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „МОНЕТАРНА ЕКОНОМИЈА“ (СКРИПТА) ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р КРСТЕ ШАЈНОСКИ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како и Одлуката бр. 1702 – 173/6 од 14. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет, одржана на 10.8.2011 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Ристо Фотов, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,
- доц. д-р Виолета Маџова, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис со наслов *„Монетарна економија“ од авторот доц. д-р Крсте Шајноски наменет за студентите од прв циклус студии* на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Општи податоци за ракописот***

Учебното помагало - скрипта „Монетарна економија“ од доц. д-р Крсте Шајноски е резултат на настојувањата на авторот да ја прикаже покомплексно материјата за предметот Монетарна економија, незадоволувајќи се со презентирањето на бројни информации и објаснувања за тоа што, кога и каде се случило нешто во врска со парите во националните економии и на глобално ниво. Со право смета дека за разбирање на нивната суштина е неопходно да се согледа како се случила определена појава и, уште повеќе, зошто така се случила. Немало ли други алтернативи? Дополнувањето на знаењата од монетарната економија и од овие аспекти треба да придонесе студентите уште за време на студирањето да изградат сопствено мислење, како способност компетентно да одлучуваат кога ќе се променат условите и во националната економја и во меѓународните монетарни и финансиски односи. Скриптата е подготвена за потребите на студентите од Економски факултет, за студиската програма на Финансиски менаџмент, застапена во III семестар, со неделен фонд на часови 6 (2+2+2).

***Податоци за обемот на ракописот***

Проблематиката која е предмет на обработка во скриптата е претставена во текст од вкупно 185 страници, каде се поместени и стотина релевантни библиографски единици, периодични списанија и интернет страници. Текстот во трудот е поткрепен со табели и графикони што треба да помогнат во доближување и полесно претставување на материјата до студентите. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонд Ariel, големина на буквите 12. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

***Податоци за постоење на ист или сличен наслов***

Рецензентите имаат сознание дека веќе постојат книги и учебници со наслов „Монетарна економија“, „Наука за парите“ или „Монетарна економика“. Некои од нив се наведени во користената литература. Но, сите тие го носат печатот на времето кога се објавувани и на потребата да задоволат определени лични и/или општествени цели. Ова се однесува и на оваа скрипта. Меѓутоа, сите наслови се разликуваат според степенот на

елаборацијата на монетарната материја. А не е неважно дали доминира информативниот и дескриптивниот пристап наспроти причинско-последичните разгледувања на бројните монетарни феномени, вклучувајќи ги и меѓународните монетарни кризи и (не) стабилни национални економии. Авторот со право укажува на потребата од покомплексно и подлабоко третирање на монетарната материја во националните економии и во меѓународните економски односи, особено со оглед на нивната меѓузависност. Ваквиот пристап, и покрај постоењето на исти или слични наслови, го оправдува одобрувањето на скриптата, а го обврзува авторот наскоро да ја оформи во учебник. Притоа, слободни сме да сугерираме да се прошират точките 8 - *Парите во меѓународниот промет* и 9 - *Парични системи* од првиот дел на скриптата.

***Краток опис на содржината***

Трудот опфаќа два дела. Во првиот дел се разгледува феноменот на парите и нивниот развој воопшто, а во вториот монетарно-кредитниот систем и политика на Република Македонија.

Укажувајќи дека парите во натуралните стопанства не биле потребни, но и дека тоа го кочело стопанскиот развој, авторот, со право, појавата на парите ја гледа во развојот на посредничкиот производ на размената. Тој е никулецот на паричното стопанство, а со тоа и на монетарната економија. Потребата за него се појавила во моментот кога одделни лица почнале да произведуваат вишоци производи (над потребите за нивните семејства), со цел да ги заменат за производи од други лица, со намера да ги задоволат своите животни потреби, на повисоко ниво (и со производи што ги произведуваат други). Оттука почнува и еволуцијата на парите на што е посветено соодветно внимание. Разгледани се примитивните форми на пари; металите како пари; хартиените пари; жиралните и електронските пари.

Од еволуцијата на парите и од бројните форми на пари произлегува дека како пари служеле бројни предмети што се дадени од природата (школки, стока, кожа, сол, чај, злато), како и златници или хартиени пари, кои се направени од луѓето со намера да служат како пари. Постојат и жирални пари, како потполно бестелесна културна категорија. Според ова, парите не се природна појава. Парите се културна појава, создадени од човекот во текот на историјата, со цел да ја олесни, во прв ред, размената на производите, но и економска појава, бидејќи се развивале во определено општество, во најтесна врска со развојот на општествените производни сили.

Се разгледува и прашањето од каде доаѓа вредноста на парите како културна и економска појава. Се дава следниот одговор: напросто од оние производи кои можат да се купат за пари. А бидејќи вредноста на одделни производи се состои од во нив отелотворениот општествено корисен труд, кој се мери со време, вредноста на парите или, подобро речено, вредноста на паричната единица произлегува од количината на трудот отелотворен во оној производ кој може да се набави за 1 парична единица. Вредноста на парите, значи, се состои во неговата куповна сила (моќ), т.е. во можноста за стекнување на производи на пазарот. И што повеќе производи можат да се добијат за една парична единица, толку е поголема и вредноста на парите или нивната куповна моќ. Значи, вредноста на парите е изведена, дериватна вредност. Оттаму следи дека парите, под исти околности, повеќе вредат ако има повеќе производи во прометот. Вистинското богатство на некоја земја не се состои во пари - овде постојано се апстрахира од материјалната вредност на парите (се однесува значи за книжни пари), туку во природните богатства и во способноста и работливоста на нејзините жители, кои ќе произведуваат и повеќе и подобро ако се поспособни и поработливи и ако на располагање им стојат побогати природни извори, од кои со работата ќе создаваат економски добра. Накратко, единствено во производите опредметениот општествено корисен човечки труд може да создава вредности, а парите се претставник на така создадените општествени вредности.

Во скриптата е елаборирано и прашањето на функциите на парите во процесот на нивната дематеријализација. Притоа се укажува дека од површното разгледување на функциите на парите најпрво се забележува дека некои автори на парите им припишуваат повеќе, а некои помалку функции. Првите настојуваат на парите да гледаат покомплексно, а за вторите некои од функциите и не се толку важни. Има и рангирања според нивната

важност за дефинирањето на парите. Суштествено е, меѓутоа, одделните функции на парите не треба да се гледаат изолирано една од друга, туку интегрално - од аспект на тоа колку тие придонесуваат парите да функционираат како добри пари. Зашто, парите можат да ги вршат одделните функции повеќе или помалку успешно. Меѓутоа, парите се добри од аспект на тоа колку тие придонесуваат за остварување на одржлив развој на националното стопанство, вклучувајќи го и рационалното вклучување во меѓународната поделба на трудот, односно од тоа колку успешно ги вршат сите функции.

Посебно внимание се посветува на вредноста на парите (материјалната и функционалната) и на мерењето на парите. Се елаборираат и теориите за парите: теориите кои го објаснуваат поимот на парите, теориите кои ја објаснуваат вредноста на парите и комплексната теорија. Како што покажува името, комплексната теорија, парите ги набљудува од аспект на вкупната репродукција и во сите нивни функции, а не само од аспект на нивниот развој, од аспект на нивната вредност или од нивната функција на средство за размена, како најевидентна. Тие имаат значајна улога во сите фази на општествената репродукција, и во производството, и во размената, и во распределбата и во дистрибуцијата. Во пари се ценат, се мерат и се изразуваат сите економски категории. И само ако парите не се пречка во одвивањето на општествената репродукција како целина може да се оценува дека тие успешно ја остваруваат нивната улога.

Веројатно заради тоа да не се надмине предвидениот обем на трудот, авторот, иако им придава големо значење, накратко се осврнува на парите во меѓународниот промет и на паричните системи.

Подетално се расправа за промените во вредноста на парите и како апрецијација и како депрецијација, и на нивната вредност во земјата (нивната домашна вредност) т.е. нивната куповна сила и на нивната вредност во странството (нивната меѓународна вредност) т.е. интервалутниот курс. Двете вредности се меѓусебно зависни. Секоја промена на едната вредност влијае врз другата, а избегнувањето настанатите промени во едната да се одразат врз другата има негативни последици врз развојот на националната економија. Зашто, познато е од монетарната теорија дека стабилноста на вредноста на парите, како мерка на вредноста и мерило на цените, е важен услов за правилно одвивање на стопанските активности и на национално и на светско ниво.

Соодветно е третиран и проблемот на создавањето на пари. Укажано е на автоматското создавање на пари во златното важење и на создавањето на парите во книжните парични системи. Разгледани се и теориите во врска со создавањето на пари. Притоа е нагласено дека проблемот на создавање на пари се наметна со сета своја комплексност по прекинувањето на врската меѓу парите и доброто (златото) со чија вредност била врзана вредноста на парите. Проблемот е во тоа што со прекинувањето на таквата врска се отворила можност парите да се создаваат со проста одлука на монетарните власти (без ограничувањата кои ги наметнувало економското добро кое служи како пари). Таквата можност го наметнала прашањето со кои начела ќе се раководи монетарната политика при создавањето на пари? Кои се целите на политиката на создавање на пари? Врз што парите смеат, а врз што не смеат да влијаат?

Низ призмата на ваквите сознанија за парите авторот ја презентира материјата од вториот дел - Монетарно-кредитниот систем и политика на Република Македонија. Во четири поглавја се разгледува функционирањето на монетарно-кредитниот систем и монетарно-кредитната политика на Република Македонија. Паричниот систем се разгледува како сегмент на економскиот систем на земјата. Притоа, посебно внимание се посветува на објаснувањето на системот на емисија на пари во Република Македонија. Објаснети се паричната маса и механизмите за регулирање на паричната маса. Нагласено е дека креирањето на депозитни (кредитни) пари не ја губи врската со стоковното производство, а се укажува и на влијанието на паричната маса врз стопанските движења и на стопанските движења врз паричната маса.

По појмовното разгледување на кредитно-монетарната политика на РМ, авторот укажува на потребата од усогласување на целите на монетарно-кредитната и на макроекономската политика на земјата, на последиците од нарушувањето на монетарната рамнотежа. Ги разгледува стратешките монетарни теории и концепциите на монетарната

политика. Ги презентира и инструментите на монетарно-кредитната политика. Се осврнува и на остварувањето на монетарна и макроекономска стабилност во Република Македонија и прави посебен осврт на монетарната политика во остварувањето на стабилизационата макроекономска политика во РМ преку примената на стратегијата на таргетирање на монетарниот раст и стратегијата на таргетирање на девизниот курс на денарот.

Не навлегувајќи подетално во прикажување на содржината на скриптата, сакаме да укажеме дека авторот успеал на систематски начин да ја објасни појавата на парите како посреднички производ во размената и на нивниот развој во сила која игра голема улога во функционирањето на пазарните економии во современиот свет, со позитивни но и негативни ефекти, во зависност од успехот или неуспехот во менаџирањето со парите.

Појдовна точка во објаснувањето е тоа дека појавата и развојот на парите се случуваат во пазарни стопанства и нивната економска улога најцелосно доаѓа до израз во такви средини. Доколку во економијата постои слободна понуда и побарувачка, парите ја остваруват својата улога како пасивен фактор во стопанските случувања. Секое отстапување од целосното остварување на пазарниот принцип на слободна понуда и побарувачка, независно од причините, повлекува определени деформации во некоја од функциите на парите. Од денешен аспект гледано, до најголеми модификации е дојдено (по напуштањето на златнодевизниот стандард) во остварувањето на функцијата на парите како мерка на вредноста и мерило на цените и на функцијата на парите како светски пари (со наметнувањето на неколку национални валути во функција на светски пари, при флуктуирачки курсеви во меѓувалутните односи во светот). Таквиот развој на парите во функција на светски пари има силно влијание врз конципирањето и спроведувањето на националните монетарно кредитни политики.

До промена на улогата на парите во меѓународните економски односи е дојдено, пред сè, поради давањето предност на внатрешната стабилност на националните економии во однос на надворешната стабилност. Тоа се случи со појавата на монополите, со преземањето на протекционистички мерки и ограничувања во меѓународните плаќања. Со овие потези се менува природниот амбиент на парите, а со тоа и нивното значење во променетите услови. Парите (особено, во својот кредитен облик) се јавуваат како средство за влијание врз стопанските активности. Но, нивното влијание не се манифестира само со позитивни ефекти, туку и со нарушувања поради игнорирањето на Законот за оптек на парите. Со добро менаџирање со парите во една национална економија може да се оствари многу, преку создавање на непречени услови за репродукцијата (од страна на парите), но не и колку што се сака (во растот на БДП, вработеноста итн.), зашто таквите желби се остваруваат низ процесот на производство и пазарната верификација на произведеното, а не со печатење на пари. Националното богатство не се зголемува со печатење пари, туку со производство на стоковни вредности верифицирани на домашниот и на странските пазари. И само во овој контекст, смета авторот, треба да се сфатат и оценуваат стратешките монетарни теории и врз нив заснованите концепции на монетарно-кредитна политика. Тие се појавуваат и применуваат во определени околности, а со промената на околностите се јавува потреба за нови модели во регулирањето на оптекот на пари, па и за нови стратегии.

Во елаборацијата на развојот на парите, авторот посебно значење им придава на пресвртните точки - напуштањето на системите на златно важење и преминот од стоковни пари (златни, во случајот) на употреба на непокриени пари (fiat money) и преминот од фиксни на флуктуирачки курсеви во меѓувалутните односи во светот, со оглед на импликациите во меѓународните монетарни и финансиски односи и во водењето на монетарно-кредитните политики во националните економии. Зашто, вклучувањето на националните стопанства во меѓународната поделба на трудот, што е од интерес на секоја земја, е во директна врска и со функцијата на парите како светски пари, во сите нивни функции, особено како мерка на вредноста и мерило на цените, како средство за плаќање и како средство за зачувување на вредноста. А парите кои не би ги остварувале успешно овие функции се лоши пари и не придонесуваат за унапредување на меѓународните економски односи и на процесите на економска глобализација, слично како што лошите национални валути не придонесуваат за рационален стопански развој на националните економии.

Во овој контекст авторот со право истакнува дека тоа што паричниот систем е збир на прописи и правила што ги донесува државата, не значи дека со нив уредувањето на парите може да се врши според „желбите”, туку мора да се води сметка дека парите се економска категорија, подложна на сопствени закони, кои се надвор од дострелот на правните прописи. Како економска категорија парите се подложуваат на законите на стопанскиот живот, а тие не можат ниту да се укинат ниту да се заобиколат со правни прописи. А доколку, сепак, се посегне и кон тоа, тогаш, придржувањето кон таквите прописи има негативни последици во стопанскиот развој. Со прописи може да се востанови биметалистички паричен систем, меѓутоа, тој ќе се претвори во монометализам на оној метал чија вредност во однос на другиот монетарен метал ќе падне. Таквата промена не се врши со никаков правен пропис, туку преку постапките на учесниците во платниот промет односно преку однесувањето на јавноста. Или, со законски пропис може да се пропише обврска за конвертибилност на банкнотите за злато. Меѓутоа, ако централната банка, под кој било изговор го изигра таквиот пропис, банкнотите не можат да се сметаат за банкноти во смисла на паричното уредување, туку како книжни пари. Да спомeнеме и еден наш пример. Република Македонија декларира надворешна конвертибилност на денарот во 1998 година, меѓутоа, никој во земјава не успеа да купува со денари во странство, што би било соодветно на логиката на таквата категорија на националните пари. Тоа докажува дека таквата декларација не била во согласност со степенот на развиеноста на националното стопанство и неговата вклученост во меѓународната поделба на трудот, кој би го оправдал таквиот статус на националната валута.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Вредноста на трудот на д-р Крсте Шајноски е во укажувањето и успешната елаборација на причинско-последичните врски во развојот на парите и на пазарниот амбиент во националните економии и во меѓународните економски односи. Со тоа, многу се олеснува совладувањето на материјата од областа на парите и функционирањето на пазарните економии, наспроти презентирањето на бројни информации за тоа што, кога и како се случило нешто во врска со парите. За разбирање на нивната суштина неопходно е да се согледа како се случувале определени појави во развојот на парите и, уште повеќе, зошто така се случиле. Немало ли други алтернативи? Со презентирањето на пресвртните точки во развојот на парите и во нивната улога во стопанскиот развој авторот поттикнува изградување на сопствено мислење на студентите како повисок степен на знаење. Покрај научната издржаност во елаборацијата на материјата, авторот успеал преку јасно изразување и систематичност во презентирањето да ја приближи до студентите, бидејќи од нив се очекува да се ангажираат да дојдат до таков степен на знаење.

**Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Научно-наставниот совет на Економскиот факултет да му предложиме скриптата со наслов „Монетарна економија” од доц. д-р Крсте Шајноски да ја одобри за издавање.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Ристо Фотов, вонреден професор, с.р**
**Д-р Виолета Маџова, доцент, с.р**